Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 152/0306
26.07 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 28.06.2023 година, врз основа на примена жалба од Здружение за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР Центар“ ја донесе следнава:

## ОДЛУКА

**„Фокус.мк“ во објавата „Скопје прајд: Гласни и горди“ не го прекрши Кодексот на новинарите на Македонија, но го прекрши членот 20 од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.**

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 5 јуни 2023 година, „КВИР ЦЕНТАР“ поднесе жалба за објавата „Скопје прајд: Гласни и горди“, објавена на 4 јуни 2023 година, на интернет порталот Фокус.мк, (www.fokus.mk).

Во жалбата се наведува дека со објавувањето на оспорената содржина, во коментарите на Фејсбук страницата на интернет порталот има елементи на дискриминација.

Исто така, жалителот потенцира дека со коментарите со навредлива и дискриминаторска содржина, недозволиво е медиумите да дозволат да бидат злоупотребени и да послужат како средство за ширење омраза и дискриминација врз основа на сексуална ориентација, како и да дозволат упатување повици за обединување на поединци и групи за радикално однесување и постапки кои го загрозуваат јавниот ред и мир во општеството.

Воедно, жалителот укажува дека воопшто не се модерирани коментарите од администраторите на Редакцијата.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Фокус.мк и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Во одговорот од медиумот се истакнува следново:
Жалителот не го оспорува насловот или содржината на текстот, туку коментарите под објавата споделена на Фејсбук, кои, според жалителот, биле со недолична содржина и со елементи на дискриминација.

Сакаме да истакнеме дека како медиум секогаш сме се бореле против дискриминација по секаква основа, вклучително и по основ на сексуална ориентација, и во таа насока сме промовирале еднаквост и толеранција, а потврда за тоа е и наведениот текст, кој сме го објавиле коректно и професионално.

Впрочем, како медиум секогаш сме известувале за настаните од ваков тип, бидејќи сметаме дека сите, а особено маргинализирани и дискриминирани групи, имаат право да добијат публицитет.

Меѓутоа, ние не може да одговараме за сите коментари под објавите на фејсбук, бидејќи невозможно е да се следат сите коментари на сите објави во реално време и притоа се интервенира. Едноставно, постојано и постојано има нови коментари.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

За да се случи тоа, не е потребен само администратор, туку администратор со неколку асистенти кои ќе го прават тоа 24/7. Или, пак, новинарите наместо да следат настани и да прават теми ќе треба да се ангажираат за бришење на коментари.

На крај, би сакале да посочиме дека многу медиуми воопшто не третираат вакви теми и настани. Тие воопшто не создаваат вакви објави и затоа нема на што да се стаат коментари, што треба да биде многу посуштински хендикеп за организаци од типот на жалитетот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е ОСНОВАНА и со мнозинство гласови одлучи дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија, но има прекршување на дополнителните насоки за известувањето на онлајн медиумите.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата на 28 јуни 2023 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина. Мнозинството членови на Комисијата сметаа дека нема ништо спорно во објавата на интернет порталот.

Што се однесува до коментарите на социјалните медиуми тие навистина содржат дискриминаторски говор и говор на омраза и затоа сметаме дека е прекршен член 20 од Насоките за етичко известување во онлајн медиумите.

Според овој член онлајн медиумот ќе ги отстрани сите коментари кои содржат: повикување на насилство или други кривични дела, говор на омраза, дискриминација, закани и други облици на загрозување на правата и безбедноста на поединци, групи, институции, без оглед дали се директно или индиректно поврзани со текстот или темата што се обработува во него. Онлајн медиумот ќе дефинира правила за уредување на коментарите на читателите во просторот за слободно коментирање под објавените текстови и содржини. Тие правила ќе бидат објавени на платформите на кои содржината се објавува и ќе содржат: информации за регистрирањето на коментарите, почитувањето на правилата на коментирање, недозволени содржини во коментарите, причина за отстранување на коментарите и др.

Онлајн медиумот е одговорен и за содржините на коментарите поставени кон новинарските содржини на медиумот објавени на неговиот профил на социјалните мрежи.

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска и Ердем Ахмет.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595